| Организирање работни состаноци,анализа на потребните чекори за понатаму | Во текот на учебната година | Членови на тимот | Дискусија Анализа, стандарди и критериуми на оценување.Прирачници, и др. литература | Подобрување на работата на наставниците кои покажуваат послаби резултати |
| Организирање нагледни часови по одделни предмети во одделенска и предметна настава | Во текот на учебната година | Членови на тимот директор, педагог, Наставници | Презентација, демонстративна,тимска работа | Подобрување на креативноста на наставниците . |

***Информирање***

Информирањето на родителите ќе се реализира преку писмени и усни повратни информации на родителски средби, микросумативни оценки, чек листи, стандардизирани тестови, портфолија, евидентни листови за постигнат успех на тримесечје и на полугодие и на крајот на наставната година, свидетелство за завршено соодветно одделение, а надлежните државни органи и пошироката јавност преку периодични извештаи, информации, проектни активности и сл.

***16.3 Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар.***

| Подрачје | Активности | Цели | Време/реализација | Носители | Ресурси | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Оценување | Изработка на инструменти за следење на наставни часови и воннаставни активности | Мерливост на ВОР | август, септември | Директор, стручна служба | Годишна програма на училиштето | Објективна мерливост |
| | Следење на реализација на часови со примена на активна настава | Утврдување на потребите и приоритетите на училиштето за остварување повисоки резултати | септември-октомври и април-мај | Директор, стручна служба, наставници | Годишно планирање на наставниците | Успешно реализирана активна настава |
| | Евалуација на посетените часови на наставници од одделенска и предметна настава | Вреднување на постигањата на наставниците | септември-октомври | Директор, стручна служба | Евиденција – инструментите од следењето | Увид во реализацијата на наставата |
| | Следење реализација на додатна и дополнителна настава | Подобрување и продлабочување знаењата на учениците | септември-јуни | Директор, стручна служба | Извештаи, педагошка евиденција | Реализација на планирани содржини за дод.и доп. н-ва |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Евалуација на професионален развој на вработените | Подобрување на проф.компетенции на н-ците | септември-јуни | Директор, стручна служба | Професионално досие | Увид во проф. досие |
| | Следење на реализација воннаставни активности | Увид во реализацијата на планот за воннаставни активости | септември-јуни | Директор, стручна служба, тим за следење | Извештаи, фотографии за реализирани вонн.активности, линкови и сл. | Реализација на планирани воннаставни содржини |
| | Индивидуално и групно предлагање на мерки за подобрување во одделни сегменти во работењето | Надминување на воочените пропусти во реализацијата | континуирано | Директор, стручна служба, тим за следење | Извештаи, евиденции за следење | Подобрување на наставата |
| | Следење работата на стручните активи | Работата и соработката во стручните активи во реализација на наставните и воннаставните активности | септември-јуни | Директор, стручна служба | Евиденција за работа на стручните активи | Реализацијата на Програмата за работа на стручните активи |
| | Следење на реализацијата на акциските плановиод Годишната програма за работа на училиштето | Текот на реализацијата на акциските плановиод Годишната програма за работа на училиштето | декември и мај | Директор, стручна служба, тим за следење | Извештаи, фотографии за реализирани вонн.активности, линкови и сл | Утврдување на степенот на реализација на акциските планови |
| | Анализа на постигнатиот училишен успех во споредба со претходната учебна година | Конкретизација на постигањата | септември-јуни | Директор, стручна служба, тим за следење | Извештаи, евиденции за следење, пед. докум. и евиденција | Утврдуање на индикаторите за квалитет на наставата |

***16.4. Самоевалуација на училиштето***

Законска обврска има секое училиште согласно член 129 став 1 од Законот за Основно образование ( Сл.весник на РСМ бр.161/19), да изготви самоевалуација на работата на училиштето.

Самоевалуација на училиштето е спроведена минатата учебна година и истата ја спроведе училишната комисија во состав: педагог Лилјана Шемова, психолог Верџинија Стојкова, наставници Зорица Милкова и Орхидеа Димовска, член на Совет на родители Стефан Ацев. Самоевалуацијата се изведува со цел попрецизен увид во работата на училиштето и напредокот и постигањата како и давање понатамошни препораки за подобрување на условите и стандардите на воспитно образовниот процес преку унапредување и осовременување на наставата и наставниот процес. Преку извршената самоевалуација може да се процени квалитетот на работата на училиштето, да се индентификуваат областите каде е потребно подобрување и да се оспособи раководниот кадар да донесува издржани одлуки за одржување на јаките и надминување на слабите страни од работата на училиштето.

Минатата учебна година нашето училиште беше вклучено во пилот Проект за унапредување на основното образование. Се спроведоа активности кои беа во насока на пилотирање на ревидираниот модел за оценување на квалитетот на училиштата. На обуката која се спроведе во втората половина на месец мај учесниците од вкупно 11 училишта од Македонија заедно со инспекторите од ДПИ работеа на ревизија на рамката на индикаторите за квалитетот на работата на училиштето(ИКРУ) согласно претходни истражувања. Врз основа на таквите активности индикаторите се ревидираа во четири клучни подрачја кои се однесуваат на главните аспекти од работата на училиштето.

Самоевалуацијата се реализираше врз основа на ревидираните четири клучни подрачја кои се однесуваат на главните аспекти од работата на училиштето и тоа:

1**.Планирање, настава и учење;**
**2.Постигнувања на учениците;**
**3. Училишна клима и односи во училиштето;**
**4.Управување, раководење и креирање политика.**

Секоја клучна област има одреден број на подрачја – теми кои се однесуваат на одредена активност што се следи во училиштето.

Комисијата ја евалуираше работата на училиштето според сите извори на податоци со кои што располага училиштето и врз основа на истите констатира успешност и напредок на училиштето и секое од четирите наведени клучни аспекти .

Начинот на кој се собираат доказите и податоците се: разговори со сите заинтересирани страни, разгледување на ресурсите и документацијата, директно набљудување, анкети со ученици, родители и наставници и анализа на документите. По целосната анализа комисијата се произнесе и ги даде своите видувања и ставови за тоа кои се клучните јаки и слаби страни на училиштето.

## 17. Безбедност на училиштето

***Безбедност во училиштето***

Еден од приоритетите во нашето училиште е да обезбедиме заштита и безбедност на учениците и на вработените. Постојат пропишани мерки за безбедност на учениците кои се однесуваат на безбедноста во самата училишна зграда, како и безбедноста во училишниот двор. Редовно се одвиваат дежурства на учениците и наставниците, според однапред направен распоред. Учениците од одделенска настава се згрижени еден час пред и по завршувањето на часовите, се додека не ги земат родителите.

Во училиштето има „План и програма за заштита и спасување при елементарни непогоди" чија цел е избегнување и намалување на бројот на жртвите со навремено и организирано укажување на прва медицинска помош и евакуација, има противпожарни апарати кои се поставени на видно место во училиштето и на секој од нив е ставено упатство за употреба.Учениците редовно се информирани и обучувани како да се однесуваат во случај на опасност. Претходната година изведена е и симулација од пожар на планот за заштита и спасување. Училиштето има изготвено Кодекс на однесување на наставниците, родителите и учениците кон кој е договорено сите да се придржуваат.Кодексот е истакнат на видно место во училиштето каде што може секој да го прочита.

Одделенските раководители ги информираат учениците дека во училиштето од педагошко-психолошката служба покрај советодавна работа можат да добијат помош и преку реализирање работилници на кои се третираат актуелни теми– другарство, хуманост, решавање конфликти, насилство, омраза и сл. Училиштето има политика за заштита од пушење, консумирање на алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанци. Сореализацијата на воспитната компонента(начасотнаодд.заедница и преку работилници од стручни лица) учениците редовно се едуцираат како да се заштитат од современите пороци и се анкетираат за да се утврди нивниот став по тие теми. Вклученоста на локалната заедница на ова поле уште повеќе ја зајакнува соработката со училиштето.

Во училиштето се поставени видео камери и има физичко обезбедување, а по потреба се бара и полициско патролирање на училиштето.

## 18. Грижа за здравјето

Здравственото образование на учениците треба да биде приоритет не само заради самото здравје, туку и од гледна точка на самиот образовен систем – „За да можат децата да учат треба да се здрави“. Целта на програмата за здравствената заштита и здравственото воспитување е оспособување на учениците и вработените во училиштето и локалната заедница за преземање на акции за поздрав живот, училиште и средина.

**Цели и задачи:**

- Обезбедување на оптимални услови во училиштето за реализација на програмата за здравствена заштита и здравствено воспитување како и унапредување на здравјето и психофизичкиот развој на учениците ;
- Зголемување на фондот на здравствените знаења и формирање на здравствено-хигиенски навики и ставови кај учениците и подигање на нивото на здравствена култура;
- Преземање на хигиено-епидемиолошки и превентивни мерки за подобра здравствена заштита на учениците;
- Унапредување на менталното и емоционалното здравје чија цел е личноста на ученикот да знае како да се справува со секојдневни стресни ситуации, да знае како да се доживува себеси и другите, да знае како да се справува со негативните емоции, како на пример: нервоза, чувство на осаменост, чувство на беспомошност, што е неизоставен дел од емоционалниот развој на секој човек;
- Стекнување социјални вештини за успешно справување со животните предизвици*.*

| **ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА НА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ПЛАНИРАНА ПРОГРАМСКА АКТИВНОСТ** | **ВРЕМЕ ЗА РЕАЛИЗА ЦИЈА** | **РЕАЛИЗА ТОР** | **ИЗВОРИ РЕСУРСИ** | **МЕТОДИ И ПОСТАПКИ ПРИ РЕАЛИЗАЦИЈА** | **ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ** |
| Редовно одржување на хигиената на училници, ходници и училишен двор | Септември-јуни<br>(-Дискусија со учениците на тема „Правилно одржување на лична хигиена и примерно облекување и однесување во училиштето“) | Технички кадар<br>Домаќин<br>Хаус мајстор | Извештаи<br>Листи со потпис<br>Прибор и средства за хигиена | Ученици<br>Наставници<br>Вработени во училиштето | Одржување на хигиената во училиштето на високо ниво<br>Здравствена едукација на учениците |
| Редовни прегледи на личната хигиена на учениците | Септември-јуни (<br>Разговор за постојано одржување на лична хигиена | Одделенс ки раководит | Одделенски дневник,тетратк а за | Реализација на редовните прегледии за лична | Подобрување на личната хигиена и здравјето на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | и проверка на хигиена и вошливост) | ели | здравствена заштита | хигиена | учениците |
| Осигурување на учениците | септември<br>Осигурување на учениците преку осигурителна компанија | Домаќин, Одделенски раководители | Договор склучен со осигурителна компанија | Состаноци со Советот на родители, Седница на Училишен одбор | Осигурени ученици<br>Надомест при евентуални повреди |
| Организирање автобуски превоз за учениците од I до IX одделение | Септември-јуни | Директор<br>Секретар<br>Домаќин | Склучен договор со фирма | Реализација на автобуски превоз за учениците во договор со фирма | Унапредување на безбедноста на учениците при превоз во училиштето и назад |
| Работилници за унапредување на ментално, физичко и психолошко здравје на учениците | Септември - јуни<br>(Дискусија со учениците на тема „Емоционално здравје“)( On-line порака одбележување на Сведскиот ден на здравјето) | Одд. наставници<br>Психолог | Одделенски дневници<br>Годишна програма<br>Извештаи<br>On-line група на facebook | Разговори и работилници со учениците за подобрување на здравјето | Подобрување на ментално, физичко и емоционално здравје на учениците |
| Работилници за превенција на зависности од дрога, алкохол, пушење | Септември-јуни<br>(Ноември –месец за едукација за болести на зависност, во соработка со ООЦК<br>Дискусија со учениците на тема „Болести на звисност-алкохолизам, никотизам и наркозависност) | Психолог<br>Одделенски раководители | Одделенски дневници<br>Годишна програма<br>Извештаи | Разговор со учениците и едукација за превенција на зависноста од дрога и алкохол | Формирање правилни ставови кај учениците за превенција од зависности |
| Унапредување на физичкото здравје со редовна физичка активност, прошетки и спорт | Септември-јуни<br>(Дискусија со учениците на тема:<br>„Правилно држење на телото“) | Наставници Ученици од I до IX одделение | Одделенски дневници<br>Годишната програма<br>Извештаи<br>фотографии | Подобрување на здравјето на учениците преку физичка активност | Подобрување на психофизичката состојба на учениците<br>Формирање здрави навики за спортување и прошетки во природа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Организирање на спортски натпревари (Спортки натпревари во склоп на федерација на училишен спорт на Р.С.Македонија) | Септември-јуни | Директор Наставниц и Родители | Фотографии Извештаи од реализираните екскурзии и натпревари | Разговор со учениците за реализација на екскурзиите | Социјализација на учениците, спортување и подигање на еколошката свест |
| Реализација на предавања за здравствена едукација на ученици, вработени и родители | Септември-јуни (Дискусија со учениците на тема: „Дијабетес – симптоми, лекување и превенција“) Дискусија со учениците на тема: „Превенција од грип“) Дискусија со учениците на тема: „Превенција од срцево - садови заболувања“ - по повод сведската недела за заштита од срцево садови заболувања) Дискусија со учениците на тема: Превенција од COVID 19 (корона вирус)) | Директор Психолог Стручни лица | Ученици Наставници Родители Население | Разговор за здраствена едукција | Превенција на здравјето на ученици, родители, жители од локалната заедница и вработени |
| Работилница за борба против ХИВ/СИДА/СПИ и психосексуална едукација | Декември-Светска недела за превенција од сида (декември Дискусија со учениците на тема: „Превенција од ХИВ/СИДА – по повод светската недела за превенција од ХИВ/СИДА“) | Психолог Наставниц и | Годишна програма за работа на психолог | Раговор и едукација со учениците за борба против ХИВ/ СИДА/ СПИ | Подигање на јавна свест за опасности од Хив и Сида и свест за потребата од индивидуална заштита |
| Одбележување на Светски ден на лицата со хендикеп | декември | Психолог Одделенс ки наставниц | Годишна програма на психолог | Раговор и едукација со учениците | Подигање на јавна свест |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | и | | | |
| Организирање исхрана,ручек за учениците во продолжен престој од I до V одделение | Септември-јуни | Домаќин Одделенски раководители Совет на родители | Склучен договор со добавувач на ручек | Реализација на здрав оброк во договор со фирма за производство и дистрибуција на храна | Подобрување на општата психофизичка и здравствена состојба на учениците Формирање здрави навики за исхрана |
| Реализација на едукативни работилници ,,Образование за животни вештини,,. | Септември-јуни -Дискусија со учениците на тема „Со правилна исхрана до подобро здравје“)<br>(Март<br>Едукативна работилница на тема: „Вирусни респираторни заболувања | Одделенски раководители | Одделенски дневници Извештаи Записници | Разговр со учениците за животните вештини | Подобрување на физичко, социјално и ментално здравје на учениците Информирање на учениците за симптомте на инфекција од корана вирус, грип и други вирусни инфекции и превенција од истите |

***18.1. Хигиена во училиштето***

За здрава и чиста работна средина се грижат сите учесници во училишниот живот. Техничкиот персонал редовно ги извршува работните задачи така што хигиената во училиштето е на завидно ниво. Во текот на целата година се води грижа да е исправна и да функционира санитарната опрема во тоалетите. Сите тоалети и санитарии редовно се дезинфицираат со дезинфекциони средства. Во тоалетите редовно има тоалетна хартија и течен сапун. Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат санитарните простории, да ја одржуваат личната и колективната хигиена. Ходниците и скалите се чистат два - три пати во денот, училниците редовно се метат, се брише подот, се отстранува отпадот и се проветрува. Мебелот во училниците и канцелариските простории се брише секојдневно.
Другиот училишен простор со училишниот двор се одржува тековно чист, хортикултурно среден со поставени корпи за отпад. Со цел за чиста и здрава работна средина училиштето спроведува интерни работни акции за средување  на работниот простор и училишниот двор.

### *18.2. Систематски прегледи*

Систематските прегледи се задолжителни за вработените и за учениците. Тие се вршат во договорени термини во соработка со ЈЗУ Здраствен дом – Кавадарци. За вработените покрај редовниот годишен санитарен преглед на секои три години се врши и систематски преглед кој опфаќа: општ лекарски преглед, лабаториски преглед, интернистички, офтамотолошки преглед, ОРЛ преглед. Задолжителни систематски прегледи се прегледите за учениците од: I одд. III одд. V одд. VII одд. и IX одд. кој опфаќа: мерење на висина и тежина, проверка на вид, проверка на 'рбетниот столб и локомоторниот систем, лабараториски преглед на крв и урина. По извршените прегледи се евидентира состојбата и се даваат препораки за понатамошно специјалистичко проследување (доколку има потреба). Задолжителни стоматолошки прегледи се вршат за учениците од I одд. до VI одд. како и залевање на забите, откривање на деформитети и неправилности во растот на забите и вилиците, евиденција на состојбата на забалото, запис во картон. За сите прегледи навремено се информирани родителите и истите се изведуваат во „ЈЗУ Здравствен дом-Кавадарци" со одд.раководител или предметен наставник. При договарање на термините за вршење на прегледите се води сметка истите да се извршуваат во термини пред започнување или после завршување на часовите за да не се попречува наставниот процес. Сите добиени резултати, информации, состојби, укажувања се заведуваат во здравствениот картон и се води грижа за тајност и заштита на податоците.

| **ПРОГРАМА ЗА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ И ВАКЦИНАЦИЈА** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ПЛАНИРАНА ПРОГРАМСКА АКТИВНОСТ** | **ВРЕМЕ ЗА РЕАЛИЗА ЦИЈА** | **РЕАЛИЗАТОР** | **ИЗВОРИ РЕСУРСИ** | **МЕТОДИ И ПОСТАПКИ ПРИ РЕАЛИЗАЦИЈА** | **ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ** |
| Превенција на здрављето на забите на учениците: систематски стоматолошки прегледи | Септември-јуни (декември Дискусија со учениците на тема: „Грижа за здрављето на забите" ) (декември Систематски преглед на заби) | ЈЗУ Здраствен дом-Кавадарци Училишна стоматологија | Одделенски дневници Годишна програма | Прегледи на заби и здраствена едукција со учениците од I, III и V одд. од централно училиште | Формирање правилни навики за хигиена на устата и забите Превенција и рана детекција на болести на заби и вилица |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Програма на имунизација на учениците: Вакцинација според календар на имунизација на Министерство за здравство | Септември-јуни | ЈЗУ Здраствен дом-Кавадарци (вакцинации) Завод за здрав. заштита | Одделенски дневници Годишна програма | Вакцинации на ученици од II и IX одделение од централното | Подобрување на здравјето на учениците |

### *18.3.Вакцинирање*

Вакцинирањето се врши според Програмата за имунизација на учениците од основните училишта, согласно Правилникот за имунопрофилакса и хемопрофилакса при Министерството за здравство, Државен санитарен и здравствен инспекторат. Вакцинирањето се врши во ЈЗУ Здраствен дом-Кавадарци во присуство на родител и одделенскиот наставник за учениците од I до V одд. а за учениците од VI до IX одд. одделенскиот раководител или предметен наставник и родител. - I одд.за учениците со навршени шест год.-ревакцина MRP (морбили, рубеола, паротит) - II одд и III одд - ревакцина DT Polio (дифтерија ,тетанус) и тестирање манту за TBC. По добиените резултати од проверката следи вакцина. - VII одд, вакцини за детска парализа и тетанус по кои следат ревакцини. Во периодот до 12-13 години следат вакцини (втора и трета доза) од веќе примените, а за девојчињата HPV-хуман папилома вирус-инфекции (три дози во одреден период) за кои се известуваат ученичките и родителите кои ја примиле првата доза. - IX одд- само девојчињата се ревакцинираат од рубеола, а сите ученици од: детска парализа, дифтерија и тетанус во дози и ревакцина.

### *18.4. Едукација за здрава исхрана- оброк во училиштата*

Училиштето во текот на учебната година ќе реализира активности и работилници:„Здрава храна за детство без мана“. Истите имаат за цел да ја подигнат свеста и кај учениците и кај родителите за потребата од конзумирање на здрава храна како и создавање свесни генерации кои ќе останат имуни на брзата и нездрава храна. За вклучување на сите ученици во кампањата предвидени се работилници за изработка на рецепти, презентации, изработување на ликовни и литературни творби на теми за здрава исхрана.  Оваа учебна година исто како и минатата, за учениците  прво до петто одделение од страна на Локалната самоуправа беше обезбеден бесплатен оброк. Проектот и наредната учебна година.

***18.5. Програма за безбедност и здравје на учениците во основното образование***

## *I. Цел на програмата*

Целта на оваа програма е да обезбеди сигурна, здрава и поддржувачка средина за учениците, каде што ќе се минимизираат ризиците од повреди, болести, насилство и други штетни влијанија.

## *II. Задачи на програмата*

1. Да се идентификуваат потенцијалните ризици во училиштето и неговата околина.
2. Да се едуцираат учениците за безбедносни правила и здрав живот.
3. Да се развијат протоколи за итни ситуации.
4. Да се ангажира наставниот и друг персонал во превентивни и итни мерки.

## *III. Подрачја на дејствување*

1. ФИЗИЧКА БЕЗБЕДНОСТ

- Редовни инспекции на училишната зграда и двор (скали, огради, подови, електрични инсталации).
- Обезбедување на сигурност при влез и излез од училиштето.
- Контрола на пристап на надворешни лица.
- Обезбедување безбедна опрема во спортски сали и кабинети.

2. ЗДРАВЈЕ

- Редовна хигиена на просториите (тоалети, училници, менза).
- Обука за учениците за лична хигиена.
- Превенција од заразни болести (вакцинирање, информирање за грип и сл.).
- Учество на медицинско лице (патронажна сестра или доктор).

3. ПСИХО-СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

- Работа со стручна служба (психолог/педагог).
- Превенција од насилство и врсничко малтретирање.

- Одржување на работилници за емоционална интелигенција, комуникација и самопочитување.
- Поддршка за ученици во социјален ризик.

4. СООБРАЌАЈНА БЕЗБЕДНОСТ

- Обука за безбедно учество во сообраќајот.
- Обележување на пешачки премини и поставување сообраќајна сигнализација.
- Соработка со МВР и родителите за безбеден превоз.

5. ИТНИ МЕРКИ

- План за евакуација во случај на пожар, земјотрес и други катастрофи.
- Редовни вежби за евакуација.
- Опрема за прва помош и назначени лица за интервенции.
- Информирање на родителите при потреба.

## *IV. Активности и обуки*

- Организирање едукативни часови за безбедност и здравје.
- Работилници со ученици, наставници и родители.
- Поставување едукативни постери и инфо-табли низ училиштето.
- Годишен ден за безбедност (на пример, симулација на евакуација).

## *V. Одговорни лица*

- Директор на училиштето
- Наставници и класни раководители
- Стручна служба (педагог, психолог)
- Технички персонал (домар, хигиеничарки)
- Претставници од Совет на родители

## *VI. Начин на евалуација*

- Тримесечни извештаи за спроведените активности.
- Анкети за ученици и родители.
- Преглед и ревизија на програмата еднаш годишно

## 19. Училишна клима

Во нашето училиште, во текот на целата учебна година се води грижа за создавање и одржување на позитивна училишна клима, така што сите субјекти кои учествуваат во воспитно образовниот процес придонесуваат за создавање на пријатен амбиент и добри меѓусебни односи.

### *19.1.Дисциплина*

Дисциплината во училиштето го опфаќа меѓусебниот однос на сите субјекти во воспитно – образовниот процес ( ученици, наставници, персонал ), како и односот на секој од нив поединечно кон материјалните добра и училишниот имот. Таа е пропишана и се реализира според повеќе правни акти како: правила за однесување на учениците, куќниот ред училиштето, интерни правила за педагошки мерки, распоред на дежурства на наставниот кадар и распоред на дежурства на ученици во училиштето. Во нив детално се разработени правилата на однесување на секој од гореспоменатите субјекти, како и санкциите во случај на прекршување на утврдените правила.

Тимот за подготовка на програма за подобрување на дисциплината во училиштето Ви доставува Програма за подобрување на истата

# ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ДИСЦИПЛИНАТА ВО УЧИЛИШТЕТО

Програмата за подобрување на дисциплината во училиштето претставува дефиниран збир на активности со определени носители, временска рамка, како и очекувани исходи кои ќе се реализираат во учебната 2024/2025 година.Имплементацијата на Програмата ќе обезбеди континуирано одржување на дисциплината во училиштето и нејзино значително подобрување со цел непречена реализација на воспитно-образовната дејност во училиштето на највисоко ниво.

| | Планирани активности | Носители | Време | Очекувани исходи |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Изготвување распоред за организирано дежурство во училиштето и училишниот двор | Наставници од одделенска и предметна настава | септември 2025 | Намалување на штетите во училиштето од технички и материјален карактер |
| 2. | Обезбеден мониторинг за заштита на зеленилото во училишниот двор и училишните ходници | Наставници од одделенска и предметна настава<br>Технички персонал | Учебна 2025/2026 | Разубавување на екстериерот и ентериерот во училишната средина |
| 3. | Писмена евиденција за тековните случувања за време на одморите | Дежурни наставници | | -Намалување на конфликтите меѓу учениците<br>-Контролирано внесување на храна во училиштето |
| 4. | Создавање модел на идентификација наставник-ученик | Наставници | Учебна 2025/2026 | Развивање на морални и етички вредности,комуникациски вештини и високо ниво на културно однесување |
| 5. | Определување дежурни ученици | Одделенски раководители | Учебна 2025/2026 (седмично) | -Одржување на редот и мирот во училницата за време на одморите<br>-Одржување на хигиената во училницата |
| 6. | Запознавање на учениците со обврските и | Одделенски раководители | Учебна 2025/2026 | Подобрување на дисиплината на учениците во училницата за време на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | задачите на дежурните ученици | Ученици | | одморите<br>- Подобрување на хигиената во училницата |
| 7. | Следење на сосотојбата и функционалноста на компјутерската опрема и запис-чување | Дежурни ученици | Учебна 2025/2026 | Намалување на штетата на комјутерската опрема |
| 8. | Писмено следење на евентуално-настаната штета | Дежурни ученици | Учебна 2025/2026 | Намалување на штетата во училницата |
| 9. | Почитување на обврските од еколошки карактер | Дежурни ученици | Учебна 2025/2026 | -Чиста училишна средина<br>-Заштеда на електрична енергија и вода |
| 10. | Почитување на обврска за редовно затворање на прозорците по проветрување | Дежурни ученици | Учебна 2025/2026 | Енергетска ефикасност |

### *19.2 Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето*

Во уредувањето и одржувањето на просторот во училиштето и училишниот двор учествуваат сите субјекти. Сите вработени во училиштето и учениците од I до IX одделение се задолжени секој во своите рамки на можности и способност да придонесуваат за естетското и функционалното уредување на училиштето и училишниот двор.
Секој наставник со помош на учениците во својот кабинет или училница ќе го уредува просторот според потребите и според наставните содржини.
Изгледот на училиштето и училишниот двор се важен сегмент во прилагодувањето на учениците во училишната средина и влијае на нивното максимално ангажирање во текот на воспитно-образовниот процес.
Во училиштето се организираат разновидни настани чија реализација бара соодветно уредување, на што нашето училиште соодветно одговара. Секоја година пригодно се одбележува патрониот празник на училиштето. Се организираат и одржуваат приредби, разни хепенинзи по разни поводи.
По повод одбележувањето на одредени празници (Нова година, Божиќ, Велигден) наставниците заедно со своите ученици соодветно ја украсуваат својата училница. Исто така по повод на одбележување на празниците Нова година и Велигден во училиштето се организира и хуманитарен базар со одредена цел за донација на средствата. Покрај наставниците и учениците во некои активности на естетско уредување на училиштето се вклучуваат и

родителите/старателите на учениците. Родителите со помош на својата креативност допринесуваат во естетското уредување на училниците како и во хортикултурното уредување на училишниот двор (одржување на зеленилото, садење на цвеќиња..).

**Акционен план за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето**

| **Активност** | **Цел** | **Носител наактивноста** | **Време на реализација** | **Очекувани ефекти** |
|---|---|---|---|---|
| Естетско уредување на училниците | Поттикнување на учениците за творење и оплеменување на просторот | Наставници<br>Ученици<br>Родители | Континуирано во текот на учебната година | Естетско уредена училница |
| Ликовно и литературно уредување на паноата во училниците и училиштето | Поттикнување на учениците за творење и изразување | Наставниците<br>Учениците | Важни датуми и поводи во текот на учебната година | Естетско уредени училници и ходници.<br>Развиени естетски вредности кај учениците |
| Изложување творби во училиштето изготвени од учениците | Одбележување значајни датуми и поводи | Наставниците<br>Учениците | Континуирано во текот на учебната година | Прикладно одбележани значајни датуми и поводи |
| Изложување креативни изработки од учениците во рамките на еколошката едукација | Да се развива еколошка свест и вештини кај учениците | Наставниците<br>Учениците<br>Родителите | Во текот на учебната година | Развиена еколошка свест кај учениците за реупотреба на материјалите |
| Естетско уредување на дворот на училиштето (обновување и одржување на тревните површини, садење на цвеќиња и дрва) | Овозможување пријатно место за престој на учениците и вработените | Наставниците<br>Учениците<br>Родителите<br>Техничкиот персонал<br>ЈП"Комуналец" | Во текот на учебната година | Естетско уреден двор |
| Функционално уредување на дворот со | Овозможување на пријатно место за престој | Локалната самоуправа.<br>ЈПКомуналец | Во текот на учебната година | Функционално уреден двор |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| поставување на клупи и корпи за отпадоци | на учениците и вработените | Технички персонал | | |
| Поставување на канти за селекција на отпад | Воспоставување на пракса за селекција на хартија,пластика и органски отпад | Локалната самоуправа. ЈП Комуналец | Во текот на учебната година | Развиена еколошка свест кај учениците и одржување на просторот |
| Функционално и безбедно игралиште | Овозможување игралиште безбедно за игра на учениците | Директорот Наставниците Учениците | Во текот на учебната година | Развиена свест за одржување на просторот |

***Критериум за успех*** – естетски и функционално уреден ентериер и опкружување;
***Инструменти*** – анкетни прашалници за родителите и учениците;
***Индикатор за успешност*** – записници од увиди на инспекторите, позитивни искази од учениците, родителите и локалната заедница;
***Одговорни за следење*** – директорот, тим за естетско и функционално уредување на училиштето.
***Повратни информации***
- естетско уредени училници и ходници во училиштето;
- развиена естетска вредност кај учениците;
- функционалност на просторот и пријатен престој во училиштето;
- развиена еколошка свест и одговорност за просторот во кој се престојува.

### *19.3 Етички кодекси*

По повод одредени верски и државни празници се организираат отворени денови на кои што ќе бидат изложени одредени изработки од учениците, родителите и наставниците каде што ке се види нивната креативност и желба за нивно истакнување и пофалба. На овие денови изработените творби може да се постават на продажба,а средствата се наменети за потребите на учениците.
Еколошката состојба во училиштето е добра има формирано еко-тимови за набљудување и подобрување на еколошката состојба во училиштето, училишниот двор и непосредната околина на училиштето. Во холот, ходниците и училниците има истакнато еко-кодекси како упатство за реализција на еко– програмата во училиштето, а со тоа и на одржување на хигиената во целиот простор во училиштето преку што напоредно се води и грижа за здавјето на семите ученици.
Во училиштето учат ученици од различни етнички групи претежно македонци и роми. Сите ученици меѓусебно добро соработуваат,си помагаат во сите задачи и обврски, се дружат и активно учествуваат во реализацијата на наставата и

наставните содржини.Од страна на наставниците и другите вработени во училиштето третманот кон сите ученици е ист без разлика на припадност и пол.

### *19.4 Односи меѓу сите структури во училиштето*

Врз основа на Статутот на училиштето и резултатите од самоевалуацијата и добиените податоци и сознанија од различни извори (стручна служба, наставници, технички персонал, ученици и од интегрална инспекција) во однос на училишната клима во учебната 2025/2026 година, тимот за изработка на програма за подобрување на училишната клима доставува

**Активности за подобрување на комуникацијата меѓу сите структури во училиштето**

| **Активност** | **Учесници** | **Време на реализација** | **Очекувани исходи** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Екскурзија | Сите вработени | Во текот на целата учебна 2025/2026 година | Подобрување на комуникацијата помеѓу вработените |
| Прославување новогодишни празници | Сите вработени | декември 2025/јануари 2026 | Зајакнување на комуникацијата помеѓу вработените |
| Прославување на велигденски празници | Сите вработени | април 2026 | Зајакнување на комуникацијата помеѓу вработените |
| Собир на вработените по повод крајот на училишната година | Сите вработени | јуни 2026 | Зајакнување на комуникацијата помеѓу вработените |

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно- образовниот кадар

Професионалниот и кариерниот развој на наставниот кадар претставува основа за обезбедување квалитетно образование и создавање современа, поддржувачка и динамична средина за учење. Во ООУ „Тошо Велков – Пепето“ Кавадарци, програмата за професионален развој е дизајнирана да ги подобри вештините и знаењата на наставниците преку сеопфатни и практични можности за обука, усогласени со најновите образовни трендови и еволутивните потреби на учениците и наставниците.

**Основни принципи и цели**

Професионалните вредности и верувања на наставниците за учењето, поучувањето и наставничката професија се водечки принципи што определуваат како ќе се планира и реализира наставата, како ќе се гради односот со учениците, родителите, колегите и заедницата. Овие вредности се стекнуваат и надградуваат преку формално образование, стручно усовршување и практично искуство, со што се создава основа за развој и примена на компетенциите во секојдневната работа.

Квалитетната педагогија се обезбедува од наставници кои континуирано вложуваат во својот личен и професионален развој, ги применуваат стекнатите знаења и активно соработуваат со колегите, промовирајќи доживотно учење и моделирајќи задоволство од учењето кај учениците.

**Клучни области на професионални компетенции**

Основните професионални компетенции опфаќаат:

- Знаења за наставниот предмет и воспитно-образовниот систем
- Учење и поучување
- Создавање стимулативна средина за учење
- Социјална и образовна инклузија
- Комуникација и соработка со семејството и заедницата
- Професионален развој и професионална соработка

Во современото комплексно општество, барањата од наставниците се сè посложени. Квалитетот на наставниот кадар е најважен фактор за постигнувањата на учениците, па затоа се очекува постојано надградување на професионалните компетенции. Државата ги следи светските трендови и практики за развој на наставничките компетенции, овозможувајќи им на наставниците да одговорат на новите општествени предизвици.

Форми и нивоа на професионално усовршување

**Професионалното усовршување се реализира преку:**

- Акредитирани програми за обука
- Проекти одобрени од Министерството за образование
- Интерно стручно усовршување во училиштето
- Регионални колаборативни тимови за учење
- Индивидуални форми на учење
- Учеството во стручни активи, работилници, симпозиуми, конференции и педагошки публикации
- Професионалното усовршување во РС Македонија се спроведува на четири нивоа:
- Државно или регионално (преку подрачните единици на БРО)
- Во училиштата и образовните институции (стручни активи, училишни тимови)
- Стручни собири, тркалезни маси, симпозиуми, конференции
- Педагошки и стручни списанија, весници, информатори со стручни материјали и методички прилози

Наставниците се обврзани да реализираат најмалку 60 часа стручно усовршување во текот на три учебни години, од кои најмалку 40 часа преку акредитирани програми. За приоритетни програми определени од министерот, секој наставник посетува најмалку 10 часа обука во три години.

**Детектирање на потребите и активности за професионален развој**

Потребите за професионален развој се утврдуваат на првите состаноци на стручните активи во август и септември. Во текот на учебната година, сите понудени обуки се доставуваат до наставниците и стручните соработници, кои потоа изготвуваат извештаи по учеството. Организираат се и отворени часови, работилници и размена на искуства во рамките на активите.

Училиштето ги следи пропишаните области и теми за стручно усовршување, кои вклучуваат:

- Знаења за наставниот предмет и воспитно-образовниот систем
- Поучување и учење

- Планирање, подготовка и реализација на наставата
- Оценување на учениците
- Создавање безбедна и стимулативна средина за учење
- Социјална и образовна инклузија
- Професионален развој и соработка со заедницата

**Приоритетни области за учебната 2025/2026 година**

Во согласност со интересите и потребите на наставниците, оваа година акцентот ќе биде ставен на унапредување на дигиталните компетенции, медиумската писменост и разбирањето и борбата против дезинформациите. Овие области се од витално значење за подготовка на учениците за предизвиците на дигиталниот свет и развој на критичко размислување.

Избраните обуки ќе ги опремат наставниците со алатки за ефективна интеграција на дигиталните технологии во наставата, промовирање одговорна медиумска потрошувачка и обука на учениците за разликување на веродостојни информации од дезинформации. Преку овие активности се подобруваат наставните стратегии, се негува култура на постојано подобрување и се збогатуваат образовните искуства на учениците.

**Личен и хоризонтален професионален развој**

Секој наставник изготвува личен план за професионален развој врз основа на самоевалуација, резултати од интегрална евалуација и извештаи од посети на директорот и советници. Планот се одобрува од директорот на предлог на тимот за професионален развој, а реализацијата се документира во професионално досие.

Хоризонталното учење се реализира преку размена на знаења и искуства, организирање на отворени часови, стручни собири и работилници, согласно акцискиот план на училиштето.

**Кариерен развој и вреднување**

Училиштето е активно вклучено во процесот на кариерен развој на кадарот. Следењето и вреднувањето на работата го врши директорот и претставници од Бирото за развој на образованието. Врз основа на извештаите, наставниците добиваат повратна информација и насоки за понатамошна работа, што се користи за унапредување на работата и кариерно напредување. Кадарот е информиран за критериумите и процедурите за напредување во звањата ментор и советник.

Овој интегриран и систематски пристап кон професионалниот и кариерниот развој на наставниците во ООУ „Тошо Велков – Пепето“ Кавадарци обезбедува континуирано унапредување на квалитетот на наставата, создавање стимулативна средина за учење и подготовка на учениците за современите предизвици на општеството за учебната 2025/2026 година.

| **Компетенции 10 под/ подрачја** | **Тема/ наслов/ носител** | **Активности/форми на професионален развој** | **Очекувани исходи** | **Вид на професионален развој** | **Потребни ресурси** | **Учесници (Име и презиме)** | **Улога на учесницит е** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I.1. ЗНАЕЊЕ ЗА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ** – Наставникот ги познава клучните поими на предметот и поврзаноста на наставните содржини на предметите | | | | | | | | |
| Обука: Образование во современ контекст: Развивање социо-емоционални вештини кај учениците | | Обука спроведена преку БРО или соодветен провајдер која ќе им обезбеди подигање на компетенциите на наставниците за учење на далечина, интернет апликации и нови платформи, како и развивање на социо-емоционални вештини кај учениците | Како резултат од учењето од обуката на тема Самоосвестување учесниците ќе бидат способни да им овозможат на учениците: да умеат да ги идентификуваат сопствените емоции; да ги увидуваат причините за појава на емоции; да преземаат одговорност за сопствените емоции што произлегуваат од фрустрирачки ситуации.<br>- Како резултат од учењето од обуката на тема Самоуправување учесниците ќе бидат способни да им овозможат на учениците: да прават разлика меѓу степените на лутина; да идентификуваат начини за управување со негативни емоции и насоки за позитивно мислење; да умеат да ги поддржат учениците да се чувствуваат | Индивидуални<br>Колаборативни<br>Групни | Провајдери, БРО<br>Стручна литература, обука, соработка со стручен актив, интернет, библиотека, книжара- | З. Милкова<br>М. Гркова<br>В. Богев<br>Г. Клинчаров<br>В. Пецов<br>Р. Матаков<br>М. Камчевски<br>Д. Мукаетов<br>Ф. Пендева<br>С. Митрева<br>Г. Клинчаров | Учесници | Август-јуни |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | овластени и сигурни во ситуации кога имаат контрола и да се смирени и да ги прифаќаат ситуациите кога не се под нивна контрола.<br>- Како резултат од учењето од обуката на тема Социоемоционална интеракција учесниците ќе бидат способни да им овозможат на учениците: да покажуваат разбирање на емоциите и чувствата на другите; да имаат увид за предностите на соработката; воочување на придонесот на јаките страни и намалување на јачината на слабите страни на поединците кои се дел од група. | | | | | |
| **II. ПОУЧУВАЊЕ И УЧЕЊЕ** | | | | | | | |
| -Познавање на учениците и излегување во пресрет на нивните потреби<br><br><br>2.2 Реализација на наставата<br>Учење преку истражување, работа на проект и решавање проблеми | Учество на проекти од Еразмус +<br><br>Учество на еТвиниг проекти<br><br>Учество на обуки, работилници и презентации;<br>Размена на искуства со други колеги;<br>Користење на добри практики; | Подобрување на образовниот процес<br><br><br>Стекнување навики кај учениците за правилно користење на социјалните медиуми и заштита на лични податоци | Индивидуални<br>Колаборативни<br>Групни | БРО, соодветен провајдер, учебник, тетратка, работни листови, компјутер, интернет, наставник ментор | З. Милкова<br>А.Гајиќ<br>М. Василева<br>И. Коцева<br>М. Димова<br>Е. Петрова<br>К. Ангелова<br>М. Кабранова<br>Р. Матаков<br>М. Камчевски<br>Ц. Димовска<br>В. Јованова<br>С. Колева | Учесници | Август - јуни |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Проучување на стручна литература. | | | | А. Ефремов<br>В. Темков<br>Д. Мукаетов<br>П. Мелов<br>М. Бачева<br>Ф. Пендева<br>С. Митрева<br>Н. Тодорова<br>Г. Клинчаров<br>В. Пецов<br>В. Богев<br>В. Коцева<br>О. Димовска<br>Н. Добринов<br>Н. Василева<br>И. Стефанова<br>З. Колева<br>С. Ристовска<br>Т. Стојанова<br>М. Бачева | | |
| **II. 1. ПЛАНИРАЊЕ И ПОДГОТОВКА НА НАСТАВАТА** – наставникот познава компоненти за успешни планирање на наставата | | | | | | | |
| Правам професионално ориентирање на учениците со посебни образовни потреби<br><br>II. Поучување и учење<br>II.4 Познавање на учениците и излегување во пресрет на нивните потреби<br>Тема за обука: Програма 20: Професионален развој и кариерно советување на учениците (менторирање, следење, пристапи за детекција на афинитети и интереси, мотивација и развој и слично). | Обука спроведена преку БРО или соодветен провајдер која ќе им обезбеди подигање на компетенциите на наставниците за поучување на ученици со посебни образовни потреби/попреченост, примена на интерактивни пристапи, учење преку истражување, работа на проект и решавање проблеми<br><br>Проучување на стручна литература.<br><br>Учество на проекти од Еразмус + | Обучени наставници за реализација на современа настава преку практична примена на знаењата за поучување на ученици со посебни образовни потреби/попреченост.<br>Обучени наставници за имплементација на знаењата за самостојно изработување и применување на индивидуален образовен план, модифицирана програма и диференцијација на наставата.<br>Обучени наставници за инкорпорирање на | Индивидуални<br>Колаборативни<br>Групни | БРО, соодветен провајдер, учебник, тетратка, работни листови, компјутер, интернет.<br>Соработка со стручен соработник (педагог, психолог), наставник ментор. | М. Ристовска<br>Т. Стојанова<br>З. Јованова | Учесници | Август - јуни |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Учество на еТвиниг проекти<br><br>Учество на обуки, работилници и презентации;<br>Размена на искуства со други колеги;<br>Користење на добри практики;<br>Проучување на стручна литература. | нови стратегии во работењето со учениците со попреченост и вклучување на родителите во целокупното работење во училиштето.<br>Наставникот:<br>- е во тек со новите научни сознанија за учењето и развојот на учениците;<br>- умее да ги води учениците низ процесот на учење и да придонесува за нивно позитивно однесување. | | | | | |
| **II.4. СОЗДАВАЊЕ СТИМУЛАТИВНА СРЕДИНА ЗА УЧЕЊЕ**– училишна клима | | | | | | | |
| Стратегии за менаџмент во училница - принципи и примери на добра практика за создавање позитивна работна атмосфера во училница и во онлајн/виртуелна училница<br><br>Обука за СТЕАМ и примена во наставата | Обука спроведена преку БРО или соодветен провајдер која ќе им обезбеди подигање на компетенциите на наставниците професионален развој и кариерно советување на учениците<br><br>Проучување на стручна литература. | Зголемување на компетенциите за практична примена на стратегиите за менаџмент во училница и самостојно изработување на правила за комуникација | Индивидуални Колаборативни Групни | БРО,<br>-интернет<br>-стручна литература<br>Провајдери, | О. Димовска<br>З. Милкова<br>А. Гајиќ<br>М. Василева<br>И. Коцева<br>М. Димова<br>Е. Петрова<br>К. Ангелова<br>М. Кабранова<br>Р. Матаков<br>М. Камчевски<br>Ц. Димовска<br>В. Јованова<br>С. Колева<br>А. Ефремов<br>В. Темков<br>Д. Мукаетов<br>П. Мелов<br>М. Бачева<br>Ф. Пендева<br>С. Митрева<br>Н. Тодорова<br>Г. Клинчаров<br>В. Пецов | Учесници реализатор и | Август - јуни |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | В. Богев<br>В. Коцева<br>О. Димовска<br>Н. Добринов<br>Н. Василева<br>И. Стефанова<br>З. Колева<br>С. Ристовска<br>Т. Стојанова<br>М. Бачева<br>В. Трендафилова<br>К. Колева<br>Е. Јанева<br>Г. Богева<br>Т. Спирова<br>Н. Јосифова<br>Т. Стојанова<br>Л. Петрова<br>М. Ристовска | | |
| **VI. 1. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ** – наставникот умее да прави ЛППР, ги знае основните компетенции за наставници и можности за ПР и напредување | | | | | | | |
| Надградување на знаењата и вештините со континуирана едукација, учество на проекти од еТвининг и Еразмус +,учество и креирање на проекти во нашето училиште.<br><br>Техники за читање со разбирање како клучна вештина за самостојно учење<br><br>Стратегии и начини на справување со различно поведение на учениците во училница<br>и училиште (доцнење на час; емоционално и несоодветно однесување - причини и<br>решенија) | Обука спроведена преку БРО или соодветен провајдер која ќе им обезбеди подигање на компетенциите на наставниците за професионална соработка<br><br>Проучување на стручна литература | Оспособени наставници со стекнати менторски вештини − давање стручна помош, поддршка и мотивација на другите наставници.<br>Оспособени наставници за воведување во (критичко размислување претприемништво, креативност и граѓански активизам)<br>Оспособени наставници како наставниците да ги поттикнат<br>учениците да ги ценат сопствените постигнувања; како да се охрабрат незаинтересираните<br>и немотивираните | Индивидуални<br>Колаборативни<br>Групни | -БРО акредитирани обуки<br>--Стручна литература<br>-Обуки<br>-Отворени часови<br>-Еразмус проекти | З. Милкова<br>З. Јованова<br>М. Гркова<br>С. Митрева<br>Ф. Пендева<br>В. Богев<br>З. Колева<br>В. Пецов<br>Г. Клинчаров<br>М. Камчевски<br>Д. Мукаетов | Учесници | Септември - јуни |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ученици да го променат негативниот став за сопствените способности и вештини.<br><br>Наставникот да се стекне со нови техники кои ќе го подобрат процесот на читање со разбирање<br><br>Наставникот:<br>- поседува надоградени знаења и вештини со континуирна едукација;<br>- поттикнува подобрување на наставните практики, како и социоемоционална интеракција. | | | | | |

# *21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите*

***21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето***

Училиштето соработува со родителите на учениците низ разни форми: редовниродителски средби, индивидуални средби со родителите во приемните термини наанаставниците како и во отворените денови и сл. На овие средбисе разгледуваат прашања кои се врзани со училишниот живот на учениците: наставнитепрограми, начинот на организација на работата во училиштето, успехот на учениците,активности и проекти кои ги реализираат учениците и сл. Родителите во животот и работа на училиштето учествуваат и преку посебни тела, како Советот на родители и членување во Училишен одбор, комисии на училиштето и сл.Во програмата за работа на Советот на родители е наведено како да се зајакнат капацитетите на дејствување на родителите во животот и работата на училиштето (дефекти и поправки на инвентарот, подобрување на условите за работа, идејни планови за организација на активности во училиштето, донесување на решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиште и реализација на истите). Училиштето секоја учебна година изготвува распоред за индивидуална средба со родителите, на која се разговара за прашања поврзани индивидуалниот напредок на ученикот, неговото однесување и активности. Распоредот ќе биде изготвен на почеток на месец септември.

Програма за работа на Совет на родители

| ПРОГРАМСКИ СОДРЖИНИ | РЕАЛИЗАТОРИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|
| Избор на нови членови во СР | Родители, наставници | Септември |
| Запознавање на членовите на СР со промените во наставниот план и програма<br>Ученички екскурзии<br>Критериуми за оценување<br>Информација од активностите на на училиштето од Планот за развој на училиштето.<br>Учество на Советот на родители во подобрувањето на работните услови во училиштето | | септември<br>во текот на годината |
| Разгледување прашања и проблеми во врска со организирање на воспитно -образовната работа на училиштето | | во текот на годината |
| Осврт од одржаните одделенски совети од учебната 2024/2025г. | | ноември<br>април |
| Разгледување на полугодишен извештај за работа на училиштето успех, поведение на учениците,реализација на воспитно образовната дејност на училиштето.<br>Разгледување на планот за ученички ексзкурзии и понуди од туристички агенции се со | СР | февруари<br>април |

| | | |
|---|---|---|
| цел успешно изведување на истите | | |
| Активности по повод одбележувањето на патрониот празник на училиштето | | април /мај |
| Информирање за постигнатите резултати на училиштето од учество на организирани натпревари | | Мај |
| Извештај за работата на училиштето во тековната учебна год. | | Јуни |
| Тековни прашања и проблеми | | |

### *21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности*

Родителите се вклучени во процесот на учење најнапред преку родителските средби. Секој одд. раководител ги планира родителските средби (во годишните програми) и ја планира вклученоста на родителите преку давање мислења и сугестии за дополнувања и измени на секаков вид планирања. Воедно тие постојано се информираат за наставниот процес преку континуирана соработка со Училишниот одбор, Советот на родители, директорот на училиштето, наставниот кадар, стручната служба и учениците. Родителите даваат поддршка на наставниците за олеснување на работата со ученици со потешкотии во развој и посебно ги поддржуваат соработките за напредување на учениците– таленти, даваат поддршка на реализаторите за иновирање во наставата и помагаат при професионалната ориентација на учениците. Родителите се во тек со процесот на учење и напредување преку информациитекои ги добиваат и од Е-дневникот.

Родителите активно учествуваат со свои идеи, видувања и помош вореализирањето на одредени училишни активности ( проекти, слободни ученички активности, вонаставни излети и екскурзии и сл.) . За договорените активности се изготвува план во чија реализација се вклучуваат и претставници од родителите,самоиницијативно или на предлог од мнозинството родители.

Родителите активно учествуваат со свои идеи и предлози во Советот на родителии Училишниот одбор, за сите актуелни прашања кои се однесуваат на активностите вопаралелките и во училиштето.

### *21.3.Едукација на родителите/старателите*

За одредени теми се организираат едукативни работилници за родителите, работилници и трибини, советодавно индивидуални и групни советувања за одредени проблеми**.**

Покрај погоренаведените облици на соработка со родителите, училиштетоја спроведува и Програмата за советување на родители која се врши со:

- ✰ Родители чии ученици изостануваат од настава;
- ✰ Родители на ученици кои имаат слаби оцени по три предмети или покажале нагло опаѓање на училишниот успех;

- ✰ Родители на ученици кои манифестираат асоцијални облици на однесување.

Преку ваквото советување на родителите се врши едукација за препознавање на сопствениот стил на родителство во служба на подобрување на комуникацијата помеѓу учениците и родителите и надминувањето на постоечките препреки кои се причина за одредено детектирано однесување.

Проследувајќи ги стручните презентации на училишниот психолог родителите ќе имаат можност од стручен аспект да се здобијат со подобри комуникациски вештини и правилен избор на момент и делување врз своите деца.

За промоција на училиштето активно функционира фејсбук страната на која што постојано се објавуваат фотографии и статуси за активностите на училиштето.

Претставниците на родителите во Советот на родители учествуваат со своиевентуални предлози при изработка на информативната брошура за родители.

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Современите општествени тенденции,како и континуираните промени карактеристични за модерното општество наметнуваат конзистентни,видливи и јасни принципи и во процесот на образованието.Комуникацијата и односите со јавноста претствауваат значаен сегмент од работата на едно современо ,отворено училиште.Тие не претставуваат цел сама за себе ,туку начин за успешно креирање и спроведување на локалната политика.
Воспитно-образовниот процес сам по себе е чин на овладување со културните и цивилизациски текови ,овладување со одреден систем на вредности,морални норми,елементарни научни спознавања,форми на уметничко изразување,научен и уметнички јазик , технологија, како и содржина на користење на слободното време.Затоа нашето училиште континуирано реализира културни, едукативни и воспитни активности со населението кое живее и работи во локалната заедница во соработка со локалната самоуправа,претставници на бизнис заедниците, воспитно-образовните установи,невладинте организации ,како и со институциите од областа на културата, на тој начин директно формирајќи , презентирајќи и промовирајќи имиџ на училиште на 21 век .

***Локална заедница*** (локална самоуправа, бизнис заедница, местно население)

Училишната средина е одраз на животот на една заедница.Нашето училиште е насочено кон вклучување на органите на локалната самоуправа, семејствата и на претставници од бизнис заедницата во процесот на настава,поттикнувајќи го на тој начин развојот на партнерство со заедницата,играјќи ја улогата на директен посредник во тој процес.Училиштето создава услови, органите на локалната самоуправа,јавните институции и приватниот сектор, поединците и групите од локалната заедница да бидат дел од процесот на образование кое нема да се одвива само во училиштата, туку во рамките на целата заедница. Преку непосредно искуство, со вклучување во заедничкиактивности,работилници,проекти, семејствата, вработените во училиштето,установите и другите членови на заедницата може да ја почувствуваат личната одговорност во процесот на донесување одлуки кои ќе влијаат врз животот на нивните деца, а со тоа и на сите во локалната средина.

- ***Институции од областа на културата***

Културата е систем на знаења, верувања, уметност, морал, право, обичаи и други способности, умеења и навики кои човекот ги стекнува континуирано во текот на целиот живот.Таа е темел на општеството и нејзиниот опстанок надвор од него е невозможен и неостварлив.

Училиштето обебедува перманентен развој на културните и традиционални вредности кај детето уште од најрана возраст,притоа ставајќи акцент на креирање и негување на истата преку учество во различни манифестации,натпревари и конкурси,следење театарски претстави,посета на културно историски споменици,изложби и сично во организација на Институциите на културата од локалната средина :Дом на култура „Иван Мазов –Климе“,Градска библиотека „Феткин“Музеј на град Кавадарци,Музеј на вкус и мирис.

- ***Институции од областа на образованието***

Нашето училиште ги следи и е во постојан чекор со европските образовни трендови,водејќи се од целта издигање на здрави, самостојни генерации, кои во глобалното општество ќе можат да се соочат со сите предизвици кои им претстојат.Соработката со образовните институции го подобрува квалитетот на воспитно-образовниот процес и ја насочува и унапредува воспитно-образовната практика.
Соработката ќе се реализира преку сите видови контакти, комуникација (пишана, електронска, усна), преку посети на училиштето, организирање обуки и семинари, работилници, хепенинзи, квизови на знаења,приредби, спортски натпревари, турнири, еколошки и хуманитарни акции.Институции од областа на образованието со кои ќе соработува училиштето следната година се:Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Државниот просветен инспекторат,Државен испитен центар, Државниот сектор за основно образование како дел од општината, овластен општински инспектор, актив на директори на ниво на општина, детски градинки, други основни и средни училишта, факултети и др.

- ***Невладини организации***

Либерализација, флексибилност ,ефикасност ,ефективност и обезбедување квалитет на образовните услуги,училиштето остварува и преку соработка со невладини организации од локалната средина,активно вклучувајќи ученици во различни проекти.
Невладини организации со кои ќе соработува училиштето во текот на годината се:Црвен крст, Пакомак,Еколошко друштво „Еко живот“.

- ***Спортски друштва***

Спортот и физичко образование се од фундаментално значење за раниот развој на децата и учениците бидејќи придонесуваат во холистичкиот развој на индивидуата. Во таа насока се гради систем на вредности како што се: чесност, тимска работа, фер игра, почитување на себе и на другите, почитување на правилата, развивање способности за справување со конкуренцијата, со победата и поразот. Затоа за современо образование ќе говориме дотолку, доколку

образованието го носи епитетот образование за градење здрав животен стил затоа што со информирањето за значењето на секојдневното телесно вежбање, правилна исхрана, лична хигиена, спортување во здрава и чиста околина, воспитно се влијае на формирањето на навиките за унапредување на здравјето, а со тоа и на работната продуктивност и квалитет на животот. Спортските клубови на општинските,регионалните и државните основни училишта, кои активности позитивно ќе влијаат на социјалниот и морален развој на детето и кои се во прилог на развој на физичките вештини и способности.

- ***Здравствени организации***

Поагајќи од фактот дека здравјето е сложен феномен тесно поврзан со образованието, една од целите на основното образование е развивање свест и грижа кај учениците за сопственото здравје која се постигнува со: унапредување на здравиот начин на живеење и воспитување на учениците за превземање одговорност за сопственото здравје и за заштита на околината и природата како и со создавање поволна училишна клима и услови за физичка и психолошка безбедност на ученикот во училиштето.
Во училиштето се реализираат разновидни воннаставни активности во областа на унапредувањето на здравјето на децата со цел задоволување на индивидуалните интереси и развивање на способностите за заедничка работа .Овие активности се на различна тема како начини на живеење, исхрана, заштита од опасности од употреба на дрога, пушење, алкохол, сида,а се реализираат во соработка со ЈЗО Здравствен дом Кавадарци,Детски диспанзер за орално здравје-Кавадарци,приватни здравствени и стоматолошки ординации од општина Кавадарци.
***Медиуми*** (со цел на промоција на училиштето)
Модернизацијата на образованието подразбира и транспарентност и јавност на работата на училиштето за членовите на локалната заедница.Училиштето има професионално организирано претставување и афирмирање преку медиуми,доближувајќи ја на тој начин својата работа и активностите на учениците до локалната заедница.

Во текот на годината предвидена е соработка со повеќе печатени и електронски медиуми:Регионалните телевизии :КТВ и Тиквешија,Националните телевизии МТВ, Сител ТВ, Канал 5, списанијата за деца и млади: Развигор, Другарче, Општински весник.

**ПРИЛОГ**

| Реден бр. | АКТИВНОСТИ | НОСИТЕЛИ | ЦЕЛ НА АКТИВНОСТ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗА-ЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Презентација на Предлог Годишна програма за работа на училиштето | Директор  на училиштето | Запознавање на Советот на општина Кавадарци и Градоначалникот со  програмата за работа на училиштето и предвидените активности во текот на учебната 2025/2026година | август 2025 |
| 2. | Учество во манифестацијата „Тиквешки гроздобер„ | -Наставници од одделенска и ученици од V одделение<br>-Дом на култура „Иван Мазов Климе„ | Креирање и негување на традицијата и културата во општина Кавадарци | септември 2025 |
| 3. | Интеркултурна размена на ученици | -Наставник<br>-ученици | Запознавање со културата на друга земја,социјализација на ученикот и размена на знаења и искуства | октомври /ноември 2025 |
| 4. | Систематски лекарски прегледи | -Вработени во училиштето -<br>-ученици од I ,III,V,VII и IX одд<br>-ЈЗО-Здравствен дом-Кавадарци | Развој на здравствена култура и превенција од болести | Прво полугодие Учебна 2025/2026 |
| 5. | Вакцинација | -Ученици од I до V одделение<br>-ЈЗО-Здравствен дом-Кавадарци | Имплементација на календарот за имунизација,заштита од  заразни заболувања | Во текот на учебна 2025/2026 год |
| 6. | Саем на воннаставни активности | -Наставници од одделенска и предметна настава,<br>-ученици од I до IX одделение | Запознавање со  различни можности за користење на слободното време | октомври 2025 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | -Спортки клубови<br>-креативни центри<br>-невладини организации | | |
| 7. | Систематски стоматолошки прегледи | -Ученици од I ,III,V,VII и IX одд<br>-Детски диспанзер за заштита на оралното здравје-Кавадарци | Развој на здравствена култура и превенција од болести | октомври/ноември 2025 |
| 8. | Работилници и засадување млади садници во училишниот двор | -Директор на училиштето -<br>-Претставници од стручна служба<br>-Технички персонал<br>-Наставници од одделенска и предметна настава,<br>-ученици од I до IX одделение<br>-Министерство за животна средина и просторно планирање | Да се развие еколошката свест кај учениците за заштита на планетата Земја. | декември 2025<br>април 2026 |
| 9. | Училишен и општински натпревар „Еко квиз“ | -Ученици од V одделение,<br>-Министерство за животна средина и просторно планирање<br>-Локална самоуправа Кавадарци | Проширување на знаењата од областа на екологијата ,развој на натпреварувачки дух ,фер-плеј | март/април 2026 |
| 10. | Посета на државни институции и приватни стопански субјекти од локалната средина | Наставници од одделенска и предметна настава, ученици од I до IX одделение,јавни институции и приватни фирми од бизнис заедницата на град | Продлабучување на знаењата на учениците од одредена тема | Во текот на учебна 2025/2026 год. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Кавадарци | | |
| 11. | Посета и организација на семинари,работилници ,обуки | Директор<br>-Педагог,<br>-Психолог<br>-Наставници<br>-МОН,<br>-БРО,<br>-ДПИ, | Подобрување на квалитетот на работата и воспитно -образовниот процес во училиштето,Размена на искуства | Во текот на учебна 2025/2026 год. |
| 12. | Посета на изложби,културно историски споменици ,театарски претстави,концерти и други манифестации | -Наставници од одделенска и предметна настава,<br>-ученици од I до IX одделение,<br>-Дом на култура„Иван Мазов Климе„<br>-Музеј на град Кавадарци<br>-Музеј на вкус и мирис | Развој на културните вредности кај учениците | Во текот на учебна 2025/2026 год. |
| 13. | Учество во натпревари и конкурси во организација на институциите на културата од локалната средина | -Ученици од I до IX одделение,<br>-Дом на култура „Иван Мазов Климе“<br>-Библиотека Феткин<br>-Еколошко друштво „Еко живот“<br>-Коалиција на младински организации „Сега“<br>-„Црвен крст“ | Проширување на знаењата од различни области,Развој на творештво и слободно изразување на учениците,поттик на натпреварувачки дух | Во текот на учебна 2026/2026 год. |
| 14 | Организација на работилници на различни теми | -Претставници од стручната служба во училиштето,<br>-родители,<br>-наставници, ученици,<br>-претставници од институциите од образованието<br>-Општински основни | Зајакнување на врската наставник-родител,ученик,проширување на знаењата,размена на искуства и подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес | Во текот на учебна 2025/2026 год. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | училишта,<br>-Детски градинки | | |
| 15 | Еколошки акции за чистење и разубавување на животната средина | Вработени во училиштето, наставници ,ученици, Еколошко друштво „Еко живот“, Министерство за животна средина и просторно планирање | Развивање на еколошката свест во локалната заедница и унапредување на животната средина | Во текот на учебна 2024/2025 год. |
| 16. | Учество во манифестацијa„Априлијада„ организиран детски карневал по повод Денот на шегата 1 Април | Ученици од I до V одделение<br>Наставници,<br>родители<br>Дом на култура „Иван Мазов Климе„ | Негување на културните традиции во општината | април 2025 |
| 17. | Велигденски хепенинг | -Ученици од I до Vодделение,<br>наставници,<br>-родители<br>-Дом на култура „Иван Мазов Климе„ | Развој на креативност кај учениците и творечки дух,почитување на верските обичаи | април 2025 |
| 18 | Турнири и спортски натпревари | Одделенски наставници<br>-наставници по физичко и здравствено образование<br>-ученици од I до IX одделение<br>-спортски клубови | Развој на физичките способности ка ј учениците,поттикнување натпреварувачки дух | Во текот на учебна 2025/2026 год. |
| 19. | Работилници за заштита на здравјето | -ЈЗО „Здравствен дом “--Кавадарци ,<br>-Детски диспанзер за орално здравје<br>-Приватни здравствени ординации | Развивање свест и одговорност за сопственото здравје кај учениците,развој на здравствена култура. | Во текот на учебна 2025/2026год. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | -Наставници и ученици од I доIXодделение | | |
| 20. | Промоција на хумани вредности и хуманитарни акции | -Вработени во училиштето -ученици од Iдо IX одд<br>Црвен крст<br>Центар за социјална работа | Развој на хумани вредности кај учениците,подршка на социјално ранливите категории луѓе | Во текот на учебна 2025/2026 год. |
| 21. | Предавања,проекти работилници за безбедност на децата во сообраќајот | Министерство за внатрешни работи<br>-подрачна единица Кавадарци СВР-Велес<br>,-Полициска станица Кавадарци,<br>-Невладини организации | Запознавање на учениците со правилата во сообраќајот. | Во текот на учебна 2025/2026 год. |
| 22. | Медиумско претставување на активностите во училиштето | Директор,тим  на училиштето за комуникација и односи со јавноста ,ученици,наставници,Печатени и електронски национални регионални и општински медиуми | Промоција на активностите на училиштето и запознавање на пошироката јавност со неговата работа | Во текот на учебна 2025/2026 год.. |

## 23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/одговорни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| **Вовед;<br>Општи податоци за основното училиште** | Проверка на веродостојноста на општите податоци во годишната програма, органите на управување, стручни органи и ученичко организирање за време на изработка на годишната програма; | Стручна служба, секретар | Директор |
| **Податоци за условите за работа на основното училиште** | Следење на податоците за училишниот простор, опремата, нагледни сретства, библиотечен фонд и сл. Во текот на учебната година. | Стручна служба,наставници | Директор, стручна служба |
| **Податоци за вработените и за учениците во основното училиште** | Следење на податоците за сите вработени лица во училиштето, промените во вработувања и сл | Стручна служба, секретар | Директор |
| **Материјално финансиско работење** | Извештај за финансиско работење, во текот на година | Претседател и членови на Училишен одбор | Директор, Училишен одбор, Општина Кавадарци |
| **Мисија и визија,<br>Веќе научено /стекнати искуства,<br>Подрачје на промени приоритети и цели,<br>Евалуација на акциските планови** | Извештај, записници од реализација на целите и евалуација на плановите | Стручни соработници, во текот на годината, Тим за следење на акциските планови | Директор, Училишен одбор, |
| **Програми и организација на работата во основното училиште** | Доставување извештај за реализација на наставните планови и програми, на полугодие и крај на учебната година | Сите наставници и стручни соработници | Директор, Локална самоуправа, УО, Совет на родители |
| **Воннаставни активности,<br>Ученичко организирање** | Доставување извештај за реализација на воннаставните активности, на полугодие и крај на | Наставник Наташа Тодорова<br>Стручна служба | Директор, стручни соработници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | учебната година | | |
| **Вонучилишни активности** | Доставување извештај за реализација на вонучилишните активности, на  крај на учебната година | Тим за екскурзии | Директор, стручни соработници |
| **Натпревари за учениците** | Доставување извештај за учество на натпревар, во текот на учебната година | Наставниците кои учествуваат на натпревар, поединечно | Директор, стручни соработници |
| **Унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција** | Извештај за реализирани активности во насока на развивање на мултикултурализмот и меѓуетничката интеграција | Одделенски и наставници | Директор, стручни соработници |
| **Проекти кои се реализираат во училиштето** | Извештај за проекти кои се реализирани во училиштето, во текот на учебната година | Наставник<br>Зорица Милкова | Директор, стручни соработници, |
| **Поддршка на учениците** | Извештај, записници од постигањата на учениците, професионална ориентација и промоција на добросостојба во училиштето | Стручна служба | Директор |
| **Оценување** | Тимот за следење, и проверка на усогласеноста на оценувањето предвидените стандарди | Стручна служба<br>Сите наставници | Директор |
| **Безбедност и грижа за здравјето на учениците и вработените во училиштето** | Следење на безбедноста во училиштето и здравјето на учениците во текот на учебната година | Директор,<br>Стручна служба,<br>Наставници,<br>Техничка служба | Совет на родители,<br>Училишен одбор,<br>пошироката јавност |
| **Училишна клима** | Следење на дисциплината во училиштето, естетското функционирање и односите меѓу сите структири, во текот на цела учебна година | Директор,<br>Стручна служба | Наставнички совет,<br>Совет на родители,<br>Училишен одбор |
| **Професионалел и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар** | Следење на потребите на наставниците за професионален развој, преземени активности, личен план за професионален развој,  на почетокот и во текот на | Тим за проф.развој<br>Стручна служба<br>Наставник Зорица Милкова | Директор |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | учебната година | | |
| **Соработка на основното училиште со родителите/старателите** | Следење на вклученоста на родителите/старателите во животот и работата на училиштето, вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставни активности и едукација на родителите/старателите со записници од средби, и реализирани активности во текот на учебната година | Стручна служба, Наставници | Директор |
| **Комуникација со јавноста и промоција на училиштето** | Следење на соработката со други основни училишта, медиуми, локална заедница, невладини организации и сл. Преку записници од состаноци и извештај од реализирани активности | Директор, Наставници, Стручни соработници | Родители, Училишен одбор, пошироката јавност |

**Одговорни за имплементација на годишната програма се сите вработени во основното училиште**

## 24. Евалуациаја на годишната програма на основното училиште

Процесот на евалуација е неопходен услов за обезбедување на прецизен увид во работата на секое, па и на полето на образованието.
Собирањето на докази поврзани со индикаторите или критериумите за успех се на ниво на помошна алатка со која ќе се изврши проценка на ефективноста на планирањата и на реализацијата на целокупната работа на училиштата, идентификација на областите за кои е потребно дополнително подобрување и дополнително оспособување на раководниот кадар за донесување на издржани одлуки за одржување на силнитеи надминување на слабите страни.

| План за евалуација на Годишната програма за работа на училиштето | | | |
|---|---|---|---|
| Содржини | **Индикатори за квалитет/критериуми за успех** | **Докази** | **Заклучо ци Препора ки** |
| **Табела со општи податоци -Податоци за условите за работа на основните училишта** | Услови за изведувањена настава според Нормативот, Максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и на вонн аставните активности, Разновидна стручна литература и наставни средства и помагаласогласносонормативитепо сите наставнипредмети, Утврдување на потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, материјали за практична работа, аудио-визуелна и ИКТ опрема,и континуирано ги обновува за да соодветствуваат на современите наставни текови. Користење на ИКТ | -Мапа на основното училиште<br>Податоци за училиштниот простор | |
| **Податоци за вработените и за учениците во основното училиште** | Број на вработени и соодветност на наставниоткадар<br>Ефективност и распоредување на кадарот<br>Стручната служба како поддршка на наставниот кадар | Податоци за: вработените кои ја остваруваат воспитно-образовната работа, за раководните лица, за воспитувачите, за вработените административни работници, вработените помошно-технички лица,<br>Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар | |
| **Материјално-финансиско работење на основното училиште** | Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива зафинансиско работење<br>Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет | Годишнатапрограма за работа,<br>Планотза развој на училиштето,<br>Непосредниотувид,<br>Записницитеод просветнатаи санитарнатаинспекција,<br>Распоредотна часови; Полугодишниоти | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | годишниотизвештај,<br> Записниците од работата на стручните активи,<br>Интервјуасо наставниците | |
| **Мисија и визија** | Приспособувањена наставните програмина децата со посебни образовни потреби<br>Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала | Наставнитепланови и програми од МОН,<br>Годишнатапрограма за работа на училиштето,<br>Тематскитепланирања на наставниците,<br>Нормативнитеакти на училиштето,<br>Стручнитеупатства и насокиза операционализација на наставните планови и програми,<br>Педагошкатаевиденција и документацијата,<br>Анкети со наставниците,родителитеи учениците,Интервјуасо директорот,стручнитесоработници, наставниците,родителитеисоучениците;<br>Записниците од Училишниотодбор,Советотна родители и стручните органи на училиштето; | |
| **LESSONS LEAMED„– Веќе научено/стекнати искуства** | | | |
| **Подрачја на промени, приоритети и цели** | Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми<br>Приспособувањена наставните програмина децата со посебни образовни потреби<br>Избор на наставни предмети | Наставнитепланови и програми од МОН,<br>Годишнатапрограма за работа на училиштето,<br>Тематскитепланирања на наставниците,<br>Нормативнитеакти на училиштето,<br>Стручнитеупатства и насокиза операционализација на наставните планови и програми,<br>Педагошкатаевиденција и документацијата,<br>Анкети со наставниците,родителитеи учениците,Интервјуасо директорот,стручнитесоработници, наставниците,родителитеисоучениците;<br>Записниците од Училишниотодбор,Советотна родители и стручните органи на училиштето,<br>Брошуритеи интернет страницатана училиштетоПрограматаза работа на ученичката | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | заедница,<br>Записницитеод претходнитеинспекциски увиди | |
| **Програми и организација на работата во основното училиште** | Применувани наставни планови и програми<br>Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми<br>Приспособување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби<br>Избор на наставни предмети<br>Планирањена активности за реализација на слободнитечасови/проектните активностина училиштето | Наставнитепланови и програми од МОН,<br>Годишнатапрограма за работа на училиштето,<br>Тематскитепланирања на наставниците,<br>Нормативнитеакти на училиштето,<br>Стручнитеупатства и насокиза операционализација на наставните планови и програми,<br>Педагошкатаевиденција и документацијата,<br>Анкети со наставниците,родителитеи учениците,Интервјуасо директорот,стручнитесоработници, наставниците,родителитеисоучениците;<br>Записницитеод Училишниотодбор,Советотна родители и стручните органи на училиштето,<br>Поднесенибарања,Брошуритеи интернет страницатана училиштето<br>Програматаза работа на ученичкиот парламент | |
| **Воннаставни активности** | Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности<br>Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности | Записници, извештаи, листи за присуство/учество, пофалници, благодарници и фотографии и сл. | |
| **Ученичко организирање и искуство** | Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки<br>Соработка со локалната заедница<br>Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор<br>Учество на натпревари<br>Избор на екскурзии, на изборни предмети и сл. | Записници од состаноци на ученичка заедница и ученички парламент, согласности | |
| **Унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничка интеграција** | Познавање на правата на децата<br>Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот | Анкетите/интервјуатасо наставниците,родителитеисоучениците<br>Записници од состаноци на ученичка заедница и ученички парламент, согласности | |
| **Проекти што се** | Соработка на училиштето со родителите | Извештаи, фотографии, изветувања и сл. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **реализираат во основните училишта** | Соработка со локалната заедница<br>Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор | | |
| **Поддршка на учениците**<br><br>**Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување на дискриминација** | Заштита од физички повреди и елементарни непогоди<br>Превенција од насилство<br>Заштита од пушење, алкохол и дрога<br>Квалитет на достапна храна<br>Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот<br>Грижа за учениците од социјално загрозени семејства<br>Давање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование,<br>Грижа за учениците со емоционални потешкотии<br>Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците<br>Анализа на напредокот на учениците по паралелки | Годишнатапрограма за работа на училиштето, Куќниотред, Правилникотза организација и систематизацијана работата и работните места, Записницитеод органитена училиштето, надлежнитеоргани за контрола на хигиената и здравјето на децата, Увидотво педагошкатаевиденција идокументација, Увидотво училишниот простор | |
| **Оценување** | Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност според наставни предмети и според квалификациони периоди и мерки за подобрување во редовната и дополнителната настава<br>Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби<br>Следење на постигањата на учениципри премин од еден водруг циклусиод едно до друго ниво на образование, следење на хоризонталнои вертикално движење на учениците | Извештаи од: Тим за следење, анализа и поддршка<br>Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар<br>Самоевалуација на училиштето | |
| **Безбедност во училиштето**<br><br>**Грижа за здравјето** | Реализација на превентивни програми и работилници,<br>Хигиена во училиштето и дворот,<br>Ангажирање на лице за обезбедување на просторото во и околу училиштето<br>Систематски прегледи<br>Вакцинирање<br>Едукација за здрава исхрана –оброк во училиштата<br>Училишна клима<br>Дисциплина<br>Естетско и функционално уредување на | Извештаи од: работилници, Увиди во состојбата | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | во училиштето<br>Етички кодекси | | |
| **Односи меѓу сите структури во училиштето** | Углед/имиџ на училиштето<br>Кодекс на однесување<br>Училишна клима<br>Поведение и дисциплина во училиштето<br>Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки | Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>Евиденција за: Соработка на училиштето со родителите, со локалната заедница,<br>со деловната заедница и невладиниот сектор | |
| **Професионален и кариерен развој на вспитно-образовниот кадар** | Детектирање на потребите и приоритетите<br>Активности за професионален развој<br>Личен професионален развој<br>Хоризонтално учење<br>Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар | Анкетите/интервјуатасо наставниците,родителитеисоучениците,<br>Педагошкатаевиденција за изречени педагошки мерки, Правилникотза оценување, напредувањето, полагањетоиспити, видовитепофалби, наградитеи педагошкитемерки за учениците, Статутотна училиштето, Куќниотред на училиштето, пофалбите, наградите,признанијатаи др | |
| **Соработка на основното училиште со родителите/старателите** | Соработка на училиштето со родителите,<br>Вклучување на родителите во давањето предлози и донесувањето на одлуки,<br>Учество во воспитно образовната работа на училиштето на сите нивоа (наставни, вonнаставни)<br>Индивидуаплни и групни средби<br>Едукација на родителите/старателите | Извештаи од родителски средби, советувања, заеднички активности, анкети од Самоевалуација, прашалници, фотографии и сл. | |
| **Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште** | Промовирање на личните постигања на учениците<br>Промовирање на постигањата во име на училиштето<br>Информирање и соработка со медиуми, владини и невладини организации и сл. | Годишен извештај за работа на училиштето<br>Изложенитетрудови на учениците<br>Паноатасо пофалби, награди<br>Медиумскотопромовирање на постигањатана учениците<br>Интервјуатасо наставницитеисостручнитесоработници, учениците,родителите | |
| **Следење на на имплементацијата на годишната програма за работа на основното** | Редовно евидентирање и увид во реализацијата на сите подрачјаи содржини предвидени со Програмата за работа на училиштето | Извештаи: Полугодишен, Годишен, извештаи за реализирани активности | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **училиште** | | | |
| **Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште** | Извештај за спроведена евалуација на Годишната програма | Евалуација и извештај од Комисија/тим за следење на реализацијата | |

* **Забелешка:** Програмата за работа на училиштето за учебната 2024/25 година и нејзините Прилози може да претрпат промени во сите подрачја и програми за работа во зависност од новитетите во наставните програми и планирања, донесени од страна  на МОН и БРО, како и насоките кои во месец август-септември ќе ги добиеме од надлежните институции за работењето на училиштето(МОН, БРО, ДПИ, Влада на РСМ, Општина Кавадарци).

## 25. Заклучок

Годишната програма на ООУ„Тошо Велков- Пепето“, Кавадарци се изготви врз основа на Правилникот за формата и содржината на годишната програма за работа на основното училиште. Комисијата за изработка ги опфати сите подрачја наведени во правилникот. Внесени се табелите за основни податоци за основното училиште, како и органите на управување, стручните органи и ученичкото организирање. Во неа содржи и податоци за условите за работа во училиштето, како и потребата од обновување и адаптација. Внесени се податоците за наставниот кадар и други вработени во училиштето. Наративно е опишано финансиското работење во училиштето. Мисијата и визијата со конкретни стратешки чекори кои ќе донесат развој на училиштето. Внесени се сите програми за организација на работата во училиштето, календар за организација, јазици кои ќе се изучуваат, задолжителна и изборна настава, дополнителна и додатна настава, како и работа со надарени и талентирани деца и деца со посебни потреби. Покрај наставните активности наведени се сите воннаставни и вонучилишни активности кои ќе се реализираат во училиштето. Испланирани се и општинските, регионалните и државните натпревари. Во планот влегува и мултикултурализмот и интеркултуразлизмот, како и сите други проекти кои се планираат во училиштето. На учениците се дава поддршка во учењето и постигнување на резултатите, поддршка во професионалната ориентација, како и следење на оценувањето. Се промовираат програми за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство и превенција од болести на зависност. Во училиштето ќе се води грижа за безбедноста на учениците и вработените, со одржување хигиена, редовни ситематски прегледи, следење на вакцинирањето и едукации за здрава храна. Училиштето има програма за заштита и спасување од елементарни непогоди. Училишната клима и односите помеѓу учениците и вработените е на високо ниво, при што се води грижа за почитување на различностите. Наставниот кадар редовно професионално се усовршува и има план за потребите од професионален развој. Училиштето соработува со сите родители на учениците, преку индивидуални средби, родителски средби и преку советот на родители. Редовно се соработува со јавноста, а промоција се врши преку веб стараната и училишниот facebook. Училиштето има план за следење на имплементацијата на годишната програма, со план за начинот на следење и одговорни лица за следење. Во евалуацијата на годишната програма посебно ќе се обрне внимание на доказите, односно критериумите за успех, со формирање заклучоци и препораки. Доказите ќе се собираат преку прашалници, документи, записници, увиди и други инструменти. При изготвувањето на годишната програма комисијата ги зеде  предвид планираните, не/реалнизираните активности и содржини од годишната програма за работа од минатата учебна година,  ги дополни и доусоврши стратегиите за нивна полесна имплементација во воспитно – образовната работа со што ќе се постигнат идеалите за целисходна работа на училиштето.

## *26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште*

Членови на Тимот за изработка на годишната програма за работа на основното училиште се следниве наставници:

1. Диме Мукаетов - директор
2. Л. Шемова – педагог
3. Т. К.Попова - логопед
4. М.Василева – одделенски наставник
5. З. Милкова – одделенски наставник
6. Е.Петрова– одделенски наставник
7. М.Димова – одделенски наставник
8. В.Коцева – предметен наставник
9. Е.Јанева - предметен наставник
10. М.Бачева– предметен наставник
11. М.Николова– предметен наставник

## *27. Користена литература*

- Законот за основното образование („Сл. Весник на РСМ“ бр. бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25).
- Законот за наставници и стручни соработници(„Сл. Весник на РСМ“ бр. 161/19**);**
- Наставните планови и програми за основно образование;
- Концепцијата за основно деветгодишно образование;
- Основите за планирање на содржините и организацијата на воспитно-образовната дејност на основното училиште;
- Закон за работни односи, Закон за јавни набавки, Закон за организација и работа на органите на државната управа и други закони;
- Правилникот за формата и содржината на годишната програма за работа на основното училиште;
- Под-законски и интерни акти(Статутот на училиштето, етичкиот кодекс, деловниците заработа на органите итн.),
- Програмата за развој на училиштето 2023-2027 година;
- Програмата за работа на училиштето од претходната година и
- Извештаите (Годишен извештај на училиштето за учебната 2024/25година, Извештајот од интегралната евалвација, Извештајот од самоевалвација, Развојната програма, и Извештаи за финасиското работење на училиштето и записници);
- Упатство за настава во продолжен престој.

***Датум:***
***__.7.2025 год.***
***Кавадарци***

***Директор***
____________________
***/Диме Мукаетов/***

***Зам.  Претседател на Училишен одбор***
____________________
***/ Татјана М.Николов/***